РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Ц Е Н Т А Р  З А  О Б У К А

# В И З И Ј А,  М И С И Ј А,  Ц Е Л  И  З А Д А Ч И

ДЕКЕМВРИ 2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за внатрешни работи

# Ц Е Н Т А Р З А О Б У К А

## В И З И Ј А

Визијата на Центарот за обука произлегува од стратешкиот документ за Центарот каде утврдивме дека во иднина Центарот за обука се препознава како клучен носител на системот на сите обуки во МВР, препознаен како регионален центар со современ стил на реализација на обуки засновани врз компетенции, комплетно екипиран со персонал кој ќе биде сертификуван, ќе бидат униформирани полициски службеници и мотивирани обучувачи. Центарот има современа внатрешна структура, комплетно е опремен и дигитализиран, располага со најмодерни сместувачки капацитети и други услови за обука, и годишен исполнет Каталог и Календар на обуки. Со вака обезбедени услови и препознатлив квалитет дома и во регионот Центарот е веќе номиниран во Европската фондација за менаџмент на квалитет (EFQM) за титулата центар за одличност („Committed to Excellence“) и почитувана членка на соодветните меѓународни асоцијации.

## М И С И Ј А

Испорака на ефективен систем за обука и развој на персоналот во Министерството за внатрешни работи

Ние во Центарот за обука на МВР со посветеност и гордост го спроведуваме процесот на учење (градење на компетенции) на вработените во МВР и во другите заинтересирани институции од областа на безбедноста.
За да се постигне визијата, треба да се случи следната среднорочна и долгорочна промена:
• Премин од пристапот на наставата (предавања), кон пристапот кон
создавање ситуации на учење (независно и менторирано);
• Обезбедување компетентни и високо мотивирани обучувачи и ментори на централизирано и децентрализирано ниво, како и во сите форми на формална обука, ситуации на менторство и независно учење со обезбедените ресурси за учење;
• Развој и континуирана иновација на програми за обука (наставни програми), во согласност со можностите за доживотно учење и релевантни за потребите на современото полициско работење;
• Оптимална употреба на современа дигитална технологија и флексибилна употреба на разни комбинирани (хибридни) модели на учење и настава;
Овие измени треба да придонесат за европските стандарди за квалитетна изведба и доживотно учење.

## Ц Е Л

Цел на обуката во Центарот за обука е да обезбеди квалитетна, професионална обука за вршење на должностите на полициски службеници во сите сегменти на јавната безбедност, која што ги задоволува потребите на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и на општеството како целина.

**З А Д А Ч И**

1. Ефективна соработка со другите организациски единици на МВР
2. Партнерства со меѓународни институции и асоцијации
3. Изработка и акредитација на обучувачки програми
4. Подготовка на обучувачки материјали и инструменти
5. Ефективна обука за потребите на МВР
6. Безбедносни обуки за други корисници
7. Безбедно сместување и адекватна услуга
8. Рационално користење на буџетските средства

Бр. 20 - 1019/1
29. 12. 2023 година
Скопје

Раководител на ЦО,
Пом. Министер на ЦО
м-р Суза Трајковска